# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА КАРТОТЕКИТЕ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ”



**Добитник: ИНБОКС ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Име на проект: ОТСЕКОГАШ, СЕГА И ЗАСЕКОГАШ**

**Опис на проектот:**
„Отсекогаш, сега и засекогаш" е проект за дигитална трансформација на картотеките при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", со цел да ја промени достапноста и користењето на содржините за сите корисници. Станува збор за дигитална трансформација, со користење на иновациите во дигиталната технологија и спојување со иновациите во регулативата (ЗЕДЕИДУ), за да се создаде „нов формат на позната содржина".
Првата цел на дигиталната трансформација со која се создава инстантна и неограничена достапност и можност за дигитално поврзување, се остварува во строго регулирана постапка. Прво ќе се дигитализираат картотеките, потоа ќе се обработуваат дигиталните слики во траен формат, ќе се метадатираат и поврзат во логични целини. На крајот, дигиталните записи, според правилата на законот за електронски документи, се претвораат во оригинали во постапка на „вградување" на квалификувани елементи за идентификација – дигитален потпис или дигитален печат во трајниот дигитален формат. Овој проект предвидува мултиплицирање на форматите (хартиениот оригинал во дигитален оригинал а потоа во непроменлив оптички оригинал – микрофилм) во три различни облици. Секој од нив ќе биде со различни карактеристики и отпорност на сите ризици за губење или оштетување. Проектот ќе создаде можност за чување на трите оригинални форми на три или повеќе различни локации.

**Износ на финансирање од ФИТР: 14.000.000 денари**

